Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПРЕДАВАЊЕ

На 28.01.2009 година во рамките на Tempus CARDS 19017 проектот за нумерички симулации во машинското инженерство на нашиот факултет посета оствариjа двајца млади истражувачи, Dipl. Ing. Christian Ergenzinger и Dipl. Ing. Joerg Feher, од Институтот за инженерство и нумеричка механика при Универзитетот во Штутгарт, Република Германија.

Во рамки на посетата тие имаа свое излагање пред студентите и вработените на МФС во кое ги изнесоа своите искуства од направените истражувања на полето на апликативноста на техниката на симулации со дискретни елементи.

Најголем дел од остварените истражувања на овој престижен германски Институт се во тесна корелација со најуспешните компании во Германија. Во рамките на своето излагање Dipl. Ing. Christian Ergenzinger презентираше дел од симулациите направени за потребите на германската железница каде со употреба на напредни технологии кои тие самите ги развиле во рамките на Институтот успеале да остварат одлични резултати и драстично намалување на потребното време за извршување на калкулациите при симулирање.



## ПРИЗНАНИЕ



На проф. д-р Миколај Кузиновски доделено му е признание за исклучителен придонес за развојот на Машинскиот факултет при Вроцлавска политехника во Полска.

Поводот за доделување на признанието се постигнатите резултати во периодот од 1987 година до денес во рамките на соработката помеѓу Машинскиот факултет во Скопје и Институтот за технологија на машини и автоматизација на Машинскиот факултет при Вроцлавската политехника во Полска. Во изминатиот период се објавени 98 научни трудови на конференции во странство и во Република Македонија, објавени се 20 научни трудови во Зборници на трудови во странство и во Република Македонија и 15 научни трудови во списанија во странство. Договорот за соработка е потпишан 1994 година, кој и денес е активен. Во рамките на договорот за меѓусебна соработка досега се потпишани осум тригодишни протоколи. Реализирани се досега шест заеднички научноистражувачки проекти и четири развојноистражувачки проекти.

## ПОСЕТА

На 13.01.2009, во посета на МФС пристигна делегација од фирмата Zhengzhou Yutong Group Co., Ltd. Фирмата YUTONG GROUP е голем производител на автобуси во Кина и во рамките на топ 500 компании го зазема 324-тото место во Кина и покрива 22% од пазарот во нивната земја, Во рамките на посетата, гостите од Кина имаа средба со деканот на МФС проф. д-р Кочов и проф. д-р Ќосевски и изразија интерес во врска со прописите кои важат во РМ од областа на возилата, а исто така беа разгледани и можности за понатамошна соработка помеѓу МФС и YUTONG.



## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на јануари 2009 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Валентина Гечевска во рамките на активностите за реализација на заедничкиот научно-истражувачки проект оствари службено патување и престој на Машинскиот факултет во Марибор, Р. Словенија
2. Проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Звонимир Костиќ, доц. д-р Зоран Марков, асс. м-р Александар Костиќ и асс. м-р Дарко Бабунски во рамки на активностите на TEMPUS проектот NSP-ME реализираа службено патување во Белгија на Врије Универзитетот во Брисел и во Франција на покана на Бирото Веритас во Париз
3. Проф. д-р Глигорче Вртаноски во Р.Чешка заради активности поврзани со приемот на турбинско вратило за хидроцентралата "Св. Петка"
4. Проф. д-р Атанас Кочов реализираше службена посета во Р. Босна и Херцеговина и Р. Австрија поврзана со активни подготовки за реализација на заеднички регионнален проект за развој на мрежи на МПС во регионот на Балканските земји.

## П Р О М О Ц И Ј А

Промоцијата на дипломирани студенти ќе се одржи на ден 13.02.2009 во 12 часот во амфитеатарот на МФС.



Нормално, присуството на наставниот кадар и другите вработени е повеќе од пожелно!

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**19.02.2009**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**26.02.2009**
**6 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2009, јануари, број 77**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*
# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Иако се наоѓаме во периодот на зимската пауза, бројни активности се пред нас.

Интензивно се одвива реализацијата на последните проверки на знаењата на студентите и на планираните активности во XVI, XVII и XVIII недела од зимскиот семестар по новите студиски програми.

Во тек се подготовки за промоцијата на дипломираните студенти како и подготовки за претстојниот летен семестар.

Водичите за студирање за летниот семестар се поставени на факултетската web страница.